Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр.0302-72/1
23.01 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 25.01.2023 | | |
|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог |
| 24 | 106/1 | |

**До Општина Пробиштип**
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации,бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел./факс ++ 389 2 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Герман Филков, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел./факс ++389 2 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер ве молиме да ни ги доставите следните информации:

- **Број на противпожарни возила кои ги користи територијалната противпожарна единица на општината (со наведување дали се во сопственост, набавени на лизинг, добиени како донација или добиени на користење од друга институција)**
- **Марка и модел на возилата;**
- **Година на производство на возилата;**
- **Година на набавка на возилата;**
- **Набавна вредност на возилата**
- **Број на вработени/ангажирани професионални пожарникари (со наведување на статусот дали се вработени или ангажирани на друг начин)**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) **фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје
Датум: 23.01.2023

Потпис:

Герман Филков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-106/2
30.01. 2023 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Центар за граѓански комуникации бул.„Кочо Рацин" бр.26-1/2, 1000 Скопје преку застапникот Герман Филков** поднесено на ден **25.01.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од **Центар за граѓански комуникации бул.„Кочо Рацин" бр.26-1/2, 1000 Скопје преку застапникот Герман Филков** наш бр.24-106/1 од 25.01.2023 година, бр.0302-71/1 од 23.01.2023 година по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

- **Број на противпожарни возила кои ги користи територијалната противпожарна единица на општината (со наведување дали се во сосптвеност, набавени на лизинг, добиени како донација или добиени на користење од друга институција);**
- **Марка и модел на возилата;**
- **Година на производство на возилата;**
- **Набавна вредност на возилата;**
- **Број на вработени/ангажирани професионални пожарникари (со наведување на статусот дали се вработени или ангажирани на друг начин).**

Се УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот **Центар за граѓански комуникации бул.„Кочо Рацин" бр.26-1/2, 1000 Скопје преку застапникот Герман Филков** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

| Реден број | Марка на моторни возила | Вид | Година на производство | Работна зафатнина | Сила на моторот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФАП-1314 | TOVARNO | 1984 | 8280 sm3 | 106 KW |
| 2. | УАЗ 31512 | M1 PATNICHKO | 1989 | 2445 sm3 | 53,7 KW |
| 3. | ВОЛВО FL 6 14 | N2-TOVARNO SPECIJALNA NAMENA | 1994 | 5480 sm3 | 132 KW |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Тојота хилукс (HILUX) | N1-TOVARNO (BA-KESON) | 2013 | 2494 sm3 | 106 KW |
| 5. | DAF цистерна | N3-TOVARNO<br><br>5G-VOZILO ZA SPECIJALNA NAMENA CISTERNA-PROTIVPOZARNA | 2021 | 6693 sm3 | 210 KW |

Возилата ФАП-1314 и УАЗ 31512 се превземени од МВР, возилото Волво FL6 14 е донација врз основа на реализиран проект Флоријан со набавна вредност од 14.145.737,28 денари, возилото Тојота хилукс е дадена на користење од страна на Влада на РМ набавена преку ДЗС, а возилото DAF е набавено преку спроведување на постапка за јавна набавка од страна на општина Пробиштип со склучен договор во износ од 6.012.600,00 денари без ДДВ или 7.094.868,00 денари со вкалкулиран ДДВ од 18%. Средствата за возилото DAF во износ до 6.000.000,00 денари беа обезбедени од страна на Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој врз основа на склучен Договор за реализација на проектот-„Набавка на возило за противпожарна заштита" Општина Пробиштип наш бр.08-692/1 од 23.06.2021 година, бр.13-611/1 од 11.06.2021 година врз основа на законот за рамномерен регионален развој за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој за 2021 и 2022 година, а остатокот на средствата беа обезбедени од страна на општина Пробиштип.

Во ТППЕ Пробиштип вработени се 11 професионални пожарникари на неопределено време.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Пробиштип на 30.01.2023 година, под бр.24-106/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

______________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

______________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-106/3
30.01 2023 год.

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **30.01.2023 година**
**ДО: Центар за граѓански комуникации бул.„Кочо Рацин" бр.26-1/2, 1000 Скопје преку застапникот Герман Филков**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

**ВРСКА:** 24-106/1 од 25.01.2023 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

Република Северна Македонија
Општина Пробиштип
2
ПРОБИШТИП